Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08- 120/1
__________ година
25-01- 2023

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставката бр. 08 – 676/1 од 22.12.2022 година, поднесена од [redacted] од Кавадарци, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-676/1 од 22.12.2022 година, поднесена од [redacted] од Кавадарци **поради ненадлежност.**

### О б р а з л о ж е н и е

На 22.12.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е доставена претставка од страна на [redacted] од Кавадарци за сторена дискриминација од страна на Општина Кавадарци, со тоа што не му е обезбеден соодветен пристап од неговата недвижност до изведената улица, пред се поради попреченост од други соседни недвижности.

Комисијата разгледувајќи ја содржината на претставката утврди дека изнесените факти и околности не содржат елементи на дискриминација, туку дека иститe се однесуваат на спор за права од имотно-правни односи, а во врска со смеќавање на владение, односно стварна служБеност, за што се предвидени други правни постапки.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
25.01.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател,
Исмаил Камбери